

Бр. 60 Цена: 50 ден. август 2014

# ШТИТ

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ISSN 1857-6710

## РАЗМИСЛУВАМЕ ПОЗИТИВНО

ИНТЕРВЈУ СО Д-Р ЗОРАН ЈОЛЕВСКИ, МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ВО СВОЈАТА ТАТКОВИНА, ПРЕД СВОЕТО ЗНАМЕ, СО СВОИТЕ НАЈБЛИСКИ

ВРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ШЕСНАЕСЕТТИОТ КОНТИНГЕНТ ОД МИСИЈАТА ИСАФ

★ АРМ - НАТО ★ РАПОРТИРАЊЕ ★ ОРУЖЈЕ ★ ВОЕНА ИСТОРИЈА ★ ИГРИ И СИМУЛАЦИИ ★



# ВАРДАРСКА РЕГАТА „ГЕМИЏИИ“



Од мостот кој го носи името „Гемиџии“, каде што се наоѓа и истоимениот споменик, во водите на Вардар заплови 16-тата по ред „Вардарска регата“, препознатлива за градот Велес, настан кој го спојува минатото и иднината. Во таа чест, делегација од Командата за обука и доктрини, предводена од доц. д-р Зоран Јовановски, полковник, положи букет-цвеќе на спомен-обележјето и присуствуваше на почетокот на Регатата.

Со 1 гемија, 7 чамци 1 сплав и 2 спортски кајаци со вкупно 100 учесници, меѓу кои беа вклучени и припадници од АРМ од Баталјонот на Воената полиција и од Команда за обука и доктрини, започна Вардарската регата „Гемиџии“.

Регатата на симболичен начин ги одбележува активностите на група млади луѓе, познати уште како „Солунски атентатори“, кои храбро тргнале да ги остварат целите, простувајќи се од својот живот и кои ја пуштиле својата гемија во бурното море и за која веселе дека или ќе успеат да ја извадат на брегот или ќе се разбие од карпите. Оваа година учесниците на Регатата за првпат запловија и со новоизработена дрвена гемија, по примерот на онаа со која пловеле велешките трговци по реката Вардар, сè до Солун, пред сто години.

Регатата, покрај главниот дел, пловење по водите на Вардар, има цел и промовирање на Вардарскиот регион и престој на учесниците во природа. Учесниците на регатата („Гемиџиите“), на 26 јули, по првиот ден пловење, ноќеваа во капацитетите на логорот „Стрела-1“ на Армискиот полигон „Криволак“.



Командата за обука и доктрини и оваа година во рамките на своите капацитети и можности придонесе со давање логистичка поддршка при реализацијата на Регатата, за што има голема благодарност од организаторите на регатата „Гемиџии“ од Велес.



*С.Н.*

# Содржина:




Страница 6 — **ИНТЕРВЈУ СО Д-Р ЗОРАН ЈОЛЕВСКИ, МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Страница 10 — **БЕЗРЕЗЕРВНА ПОДДРШКА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРОТ ЈОЛЕВСКИ УСПЕШНО ЈА ЗАВРШИ РАБОТНАТА ПОСЕТА НА САД

Страница 30 — **СЕКОГАШ ПОДГОТВЕНИ**
ОБУКА ВО ЛЕТНИ УСЛОВИ НА ПОЛКОТ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ

Страница 34 — **НАТО И УКРАИНА**
ПРЕГЛЕД НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ НАТО И УКРАИНА

Страница 40 — **ВОЈНАТА КАКО ПРИМЕНЕТА НАУКА**
ПОТРАГА ПО ОПШТА ТЕОРИЈА НА ВОЈНАТА

Страница 43 — **РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА АРМ**
ПОДДРШКА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Страница 46 — **ОД ПОНОВАТА ИСТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
РАЗВОЈ НА СИСТЕМОТ ЗА ОДБРАНА И АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Страница 52 — **ВЕЧНО СИНИ НЕБА**
ПО ПОВОД ТРАГИЧНАТА ХЕЛИКОПТЕРСКА НЕСРЕЌА





Страница 14





Страница 27





Страница 49



**ШТИТ - Година VI, број 60, август, 2014 година, излегува еднаш месечно**
**ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ**
Емил Димитриев (претседател)
Генерал-потполковник Насер Сејдини, полковник Мирче Ѓоргоски, д-р Жанет Ристоска,
полковник Мери Ринџова, проф. д-р Ѓорѓи Малковски

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
д-р Жанет Ристоска

**РЕДАКЦИЈА**
Билјана Иванова (технички, ликовно-графички уредник),
Митко Василевски (новинар), Кристина Илиевска (новинар),
Ксенија Митева-Котеска (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

**Печати: „КОСТА АБРАШ“ – Охрид**

**АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ“
ул. „Орце Николов“ 116, 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095


ШТИТ

## ЈУБИЛЕИ И ЧЕСТВУВАЊА

Крајот на месец јули беше одбележан со еден значаен јубилеј – 1000 години од битката на Беласица. Битката на Беласица е една од најголемите битки во македонската историја водени за освојување на македонската териотрија. По еден милениум го чествуваме овој настан во кој биле ослепени 14 илјади војници на македонскиот цар Самоил. Делегација на АРМ положи свежо цвеќе на спомен-обележјето на „Битката на Беласица“, со што им оддаваме почит на нашите далечни предци кои гинеле за оваа територија.

На 2 август го чествуваме Илинден и тоа трикратно. Свети Илија е еден од најголемите верски празници кои Македонците воопшто го празнуваат, но има и огромно значење за независноста на нашиот народ, за борбата против турското ропство и за содавањето на првата македонска република за време на окупацијата во 1903 година. Оваа година се навршуваат 111 години од Илинденското востание, а Армијата на Република Македонија е секогаш значаен сегмент во чествувањето и одбележувањето на овој голем празник.

По повод 70-годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ во манастирот „Св. Прохор Пчински“ на 2 авгувст 1994 година, се одржа свечена седница во организација на Сојузот на борците од Народноослободителната и антифашистичката војна на Македонија 1941 – 1945 година на која присуствуваа министерот за одбрана д-р Зоран Јолевски и ЗНГШ генерал-потполковник Насер Сејдини. Овој јубилеј е уште едно сведоштво за нашиот непокор и стремеж за независност и слобода. Претседателот на здружението, генералот Тодор Атанасовски по тој повод изјави дека АСНОМ не е обичен настан, туку детерминанта на определбата за независноста на Република Македонија и заведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава, како и решение за донесување декларација за основните права на граѓаните во демократска Македонија.

На 18 Август 1943 г. во текот на Народноосободителната борба, на Славеј Планина, во славна Дебарца, од припадници на Битолско-преспанскиот НОП одред „Даме Груев“, од Велешкиот НОП одред „Димитар Влахов“, од Прилепскиот НОП одред „Горче Петров“ и од новодојдени борци од територијата на Дебарца, се формира Првиот македонски НОП баталјон „Мирче Ацев“.

Во независна Република Македонија овој ден се празнува како Ден на Армијата на Република Македонија, армија со која се гордееме, која веќе 22 години е бедем на нашата одбрана и која достоинствено нѐ претставува ширум светот.

И овој 18 август, на свеченоста по повод Денот на Армијата ќе имаме можност да ги презентираме сите успеси и достигнувања на нашата армија.

Ова се многу значајни јубилеи и датуми кои кажуваат за една долговековна историја, опстојност, истрајност и упорност на народот кој отсекогаш живеел на овие простори, народ кој себеси се нарекува македонски, кој говори на свој автентичен јазик и кој неизмерно ја сака, се бори и се гордее со својата држава – Република Македонија.

Нека ни се чести и вечни сите датуми од историјата кои зборуваат за нашата долговековност, нашата борба, придонес и значење на овие балкански простори.

*Д-р Жанет Ристоска*





# РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА АРМ

## ПОДДРШКА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**МЕСТОТО И УЛОГАТА НА РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ ВО БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ СЕ ГЛЕДА ВО МЕЃУСЕБНИОТ ИНТЕРАКЦИСКИ ОДНОС, ПРИ ШТО СЕ ДЕФИНИРА И СЕ УТВРДУВА НЕГОВАТА УЛОГА, КОЈА, ПАК, ГО ПРЕДОДРЕДУВА И ГО ОЗНАЧУВА НЕГОВОТО МЕСТО. РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ СО СИТЕ СВОИ СПЕЦИФИКИ И КАРАКТЕРИСТИКИ ИМА УЛОГА НА СВРЗУВАЧКО ТКИВО, КОЕ ГИ ОПФАЌА СИТЕ СЕГМЕНТИ НА ЕДНО СОВРЕМЕНО ОПШТЕСТВО. ПОДРЕДУВАЈЌИ ГИ ЧИНИТЕЛИТЕ НА ОДБРАНАТА ПО ФУНКЦИЈА, ЈА ДЕТЕРМИНИРА КОХЕЗИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ, ПРОИЗЛЕЗЕНА ОД СИНТЕЗАТА НА МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ. РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ, РАЗГЛЕДАН НИЗ АСПЕКТИ НА БЕЗБЕДНОСТА, ДАВА ПРЕТСТАВА ЗА НЕГОВОТО МЕСТО ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДДРШКА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ. ВО ОДНОС НА НАУЧНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА, ВО ЛИТЕРАТУРАТА СЕ СРЕТНУВААТ НЕКОЛКУ АСПЕКТИ ВО РАЗГЛЕДУВАЊЕТО НА ОВОЈ ФЕНОМЕН, И ТОА ОД: ФУНКЦИОНАЛЕН, СТРУКТУРЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН АСПЕКТ**

Националните безбедносни цели на Република Македонија се засноваат врз ефективна организација на националниот безбедносен систем и претставуваат основа за практична меѓуинституционална координација и заеднички акции. Развојот и одржувањето на одбраната како инструмент на националната безбедносна политика претставува континуирана обврска на сите државни институции. Одбраната како систем дава поддршка и соработува со другите делови на системот за безбедност, а посебно со полицијата, во отстранување на ризиците и опасностите по безбедноста на Република Македонија, и тоа посебно во борбата против тероризмот, граничното обезбедување, заради спречување на илегалната миграција и илегалната трговија со дрога, со оружје, со луѓе и со стратегиски материјали, како и во отстранување на последиците од елементарни непогоди и други катастрофи по населението на Република Македонија.

Преземените меѓународни обврски и јасната определба за полноправно членство во НАТО подеднакво аплицираат за потребната готовност на резервните сили. Армијата на Република Македонија во содејство со силите на Алијансата ќе изведува дефанзивни и офанзивни операции со целиот воен потенцијал за да војува и да оствари победа. За таа цел ќе се употребат и резервните сили на АРМ, кои мора да бидат целосно мобилизирани во случај на повик во вонредна состојба.

Преземањето низа активности за доведување на општествениот интегритет на највисоко можно ниво на функционирање го остварува легитимитетот на заедницата, преку легислативни норми со спроведување на пропишан систем на мерки, наречени мобилизациски. Мобилизациските мерки не ги опфаќаат само вооружените сили, туку и стопанството, индустријата, земјоделството, сообраќајот и медиумите, на кои им припаѓа главната улога во креирањето на јавното









мислење. Ова упатува на неопходност од едновремено извршување на претходно планирани процеси и менаџирање на ресурсите заради синхронизација на обврските со потребите на земјата.

## МОБИЛИЗАЦИЈА НА РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ

Севкупните односи во процесот на менаџирање на ресурсите се еквивалентни на процесот мобилизација, кој е од исклучителна важност за резервните сили како составен дел на Армијата, заради остварување на нивната суштинска намена. Со мобилизацијата, Армијата се доведува во состојба на готовност за извршување на борбени задачи според документите за употреба на Армијата. Состојбата на готовност обезбедува исполнување на нотираните декларирани стратегиски задачи: Примарна мисија на АРМ е одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Републиката и заштита на населението од надворешни закани во сите услови – во мир, кризна состојба и во војна. АРМ во секое време ќе биде подготвена за исполнување на националните и на меѓународните обврски – одбрана и заштита на земјата, придонес во колективната самоодбрана на НАТО, меѓународните операции и заштита на пошироките национални интереси.

Општ интерес на мобилизацијата е во мирновременска состојба, преку планирани мерки да се достигне општествена способност и готовност за справување со која било друга состојба, без разлика дали тоа е вонредна или воена. Градацијата на способностите е во рамките на применетата воена вештина. Ако се знае дека поимот „воена вештина“ ги опфаќа речиси сите сознанија за војната, особено за борбата како главна содржина на војната, а во современи услови претставува теорија и практика на подготовките, организацијата и водењето на вооружената борба, тогаш таа би претставувала цел на мобилизациските мерки. Всушност, воената вештина дефинирана како систематизиран збир на сознанија на вооружената борба, во целост ја објаснува комплексноста на мобилизацискиот процес кој обединува и применува знаења од повеќе области во едно мултидисциплинарно знаење. Мултидисциплинарното знаење применето во основните поставки на теоријата на системите, мобилизацијата ја прави конструктивен чинител во изградбата на системот за одбрана, а со тоа и на безбедноста воопшто. Комплементарноста на мобилизацијата во однос на системот за одбрана е содржана во дефиниција на системот за одбрана, кој може да се дефинира како целина, множество сочинето од многубројни еднородни и разновидни елементи, кои прават структурна и функционална композиција од одбранбени мерки и активности, сили на одбраната и носителите на работите од сфера на одбраната со извонредно голем број на меѓусебни интеракции.

Во контекст на изнесеното, мобилизација на резервниот состав претставува менаџирање на планираните расположиви ресурси за нивно ставање во потполна функција на системот за одбрана. Мобилизацијата, согледана како еквивалент на менаџментот, дава јасна перцепција на нејзиното суштинско значење. Со тоа мобилизацијата може да се подреди и во посебни научни дисциплини врз основа на дефиницијата на менаџментот: раководење, управување или менаџмент е посебна научна дисциплина со мултидисциплинарен карактер, која ги проучува проблемите на управувањето, вложувањата и општествените системи. Оваа дисциплина го проучува управувањето како сложен процес со голем број на потпроцеси, и како група на луѓе кои управуваат со процесите, а исто така ги проучува сите поединечни управувачки проблеми и феномени поврзани со ефикасно извршување на конкретни задачи и должности. Менаџментот се набљудува и се опишува како процес на управување со одредени работни места, проекти и системи за поефикасно постигнување на целта и се состои од потпроцесите: планирање, организирање, водење и контролирање.

Поставувањето на потпроцесите во постојан интеракциски однос го оформува процесот на мобилизација кој, пластично прикажан, претставува мост меѓу мирновременска состојба и организација на општеството и состојба на подготвеност за одбрана. Мобилизацијата е опонент на двата феномени: мир и војна и се спроведува со менаџирање на ресурсите во последователни потпроцеси. Процесот на развој и селекцијата на организираните цели и применетата стратегија за координирање, планирање, организирање и насочување на организациските ресурси (персонал, финансии, опрема, материјални средства, технологија и слично) и контрола на резултатите, во рамка на зададено време, го продуцираат процесот на мобилизација.

Врз основа на изнесеното, мобилизацијата на резервниот состав се дефинира како контролиран процес на планско, организирано и временски ограничено нараснување на модуларниот состав до потребниот степен на формација и достигнување на состојба на готовност за извршување на доделена мисија или водење на вооружена борба.

## МОБИЛИЗАЦИЈАТА И ПЛАНИРАЊЕТО

Дефинираното подредување на одредени активности и постапки создава рационален процес на човековиот однос кон постигнувањето на однапред поставените цели. Менталната и интелектуална активност, логичкото и конструктивното размислување, одредувањето на целите во временска рамка и начинот за нивно остварување, го прават овој процес разумен. Во суштина, тоа е процес на планирање со кој се одредува што да се прави, кој ќе учествува и како ќе учествува. Идејата на планирањето е одлучувањето кое започнува со целта, а преку дефинирана стратегија и политика се создава детален план за нивна реализација. Продукт на идејата е воспоставување на организациска структура за остварување на одлуката, што на крајот се оценува со оцена за успешност. Со планирањето започнуваат активностите: креирање на визија, дефинирање на мисија, поставување на цели, избор на ефикасна стратегија и донесување на планови за акција (активности). Планирањето е функција на менаџментот која опфаќа

дефинирање на цели, утврдување на стратегија за достигнување на тие цели и развој на планови за интегрирање и координирање на активности.
Планирање на мобилизацијата се реализира преку синергија на учење-можности-визија-искуства. Општата цел на планирањето е подобрување на подготвеноста на државните органи и институции за предизвици во областа на одбраната во рамките на безбедносното опкружување. За постигнување на целта, проектните активности се насочени кон создавање на услови за примена на стратегиските определби и нивно спроведување низ идејни и ефикасни решенија. Филозофијата на динамичкиот и ефикасен развој на процесот мобилизација произлегува од интеракцијата на квалитетното планирање на мобилизацијата, достапноста на потребните компетенции (знаења, вештини, ставови) и постојано лидерство. Ова би требало да резултира во процесот на одлучување за планирање на мобилизацијата. Доколку добрите одлуки навистина се одразат во динамички и ефикасен план за мобилизација, постои потреба за ефикасна примена на механизми кои би вклучиле примена, ажурирање и евалуација на планот за мобилизација.
Планирањето претставува менаџерска функција со која се одредуваат целите и развојот на организацијата, се предвидуваат и се дефинираат идните задачи, како и условите во кои тие задачи треба да се извршуваат, а целите да се остварат. Тоа претставува основа за вршење на други менаџерски активности: организирање, водење и контрола. Планирањето на мобилизацијата задолжително ги опфаќа глобалните национални и регионални трендови и прогнози. Преку планирањето се искористува потенцијалот на територијата на најдобар можен начин и истото е поврзано со релевантните планови и идеи на повисоки и пониски нивоа. Димензијата на планирањето е пропорционална со нивото на командување. Планирањето на мобилизацијата ги интегрира економските, социјалните и еколошки предизвици, а неговите цели се јасни и конкретни. Планирањето како потпроцес содржи акциони планови и индикатори за мерење на промените кои ги донесува самиот потпроцес. Планирањето на мобилизацијата е исклучително партиципативно. Во него учествуваат релевантни субјекти од повеќе нивоа и области, имајќи го предвид спектарот на основните содржини на подготовките за мобилизација и ефикасноста која треба да ја даде овој потпроцес. Со поставување на целите и одредување на потребните чекори за нивно остварување, организацискиот состав се насочува кон иднината, заради што плановите претставуваат патоказ. Процесот на планирање иницирани од поводот за планирање, ги одредува целите, одбира алтернативни токови, со што се формулира и се дизајнира планот што ја одредува финансиската димензија на планот.
Подготовката на детални општествено-економски анализи во целосен обем е повеќе од потребна активност, за што како прв чекор при планирањето на мобилизацијата треба да биде мапирањето на социјално-економско-еколошката моментна состојба преку профил на региони во областите на интерес на мобилизацијата за користење на ресурси. Во согласност на тоа, профилот на регионите се споредува со побарувањата на организациската структура и се согледува позитивното и негативното, можностите и проблемите. Следи идентификација и анализа на фактите, врз што се формира реална визија за организациските и техничките можности и нивното влијание на ефикасното извршување на мобилизацијата и достигнување на предвидениот степен на формација. Планирањето на мобилизацијата како комплексен потпроцес е појдовната основа и столб за развој и одржливост на процесот мобилизација. Мобилизацијата како сложено организациско дејство кое ги обединува борбено-техничките мерки и активности е од стратегиска важност, особено во почетниот период, но и во водењето на вооружената борба. Во услови на воена состојба, зависно од степенот на загрозеност на земјата, обезбедува делови на резервните сили, или во целина, плански, организирано и во определено време да го достигнат одредениот степен на формација.
Одредувањето на развојниот правец на планирањето е вториот чекор во потпроцесот на планирањето на мобилизацијата. Прецизното дефинирање на главната цел, посебните цели и потребните мерки за достигнување на истите, е предуслов за успешно вертикално и хоризонтално интегрирање на сите субјекти во мобилизацискиот процес и дава конкретен облик на документ кој одлучува за успешна мобилизација на ресурсите. Планирањето на мобилизацијата во однос на поставените цели и потребното време за нивно реализирање се дели на: стратегиско и оперативно.
Стратегиското планирање е утврдување и реализација на општите цели. Процесот на стратегиско планирање на мобилизацијата опфаќа: анализа на опкружувањето, дефинирање на мисијата и визијата, развој на општите цели, креирање на стратегија за имплементација и алокација на ресурси кои се потребни за остварување на целите. Стратегиското планирање опфаќа соработка и координација со останатите чинители на одбраната и е во функција на остварување на стратегиските цели.
Оперативното планирање на мобилизацијата е утврдување на детални планови за примена на стратегиските планови. Содржи мноштво долгорочни, трајни планови, кои опфаќаат: процедури, постапки и правила потребни за создавање на оперативни планови и буџет. Планирањето на мобилизацијата, согледано низ оперативното ниво на планирање, ја потврдува специфичноста на периодот за кој се изработува – мобилизација и содржи: буџет, програми и проекти.
Трет чекор во потпроцесот планирање на мобилизацијата е имплементацијата, која преку своите механизми на ажурирање и евалуација го одредува нивото и степенот на неговата примена, зависно од командното ниво, тактичко, оперативно или стратегиско. Имплементацијата определува планирање на човечки и материјални ресурси за потребите на организациските состави, модули и нивно нараснување до потребниот степен на формација, обука и опремување, спроведување на стандардни процедури и достигнување на борбена готовност.
Планирањето на мобилизацијата има два аспекти: теорија и практика. Теоријата е основниот постулат во планирачкиот потпроцес на мобилизацијата, која се состои од класификација на знаења за војната, додека практиката претставува елементарна примена на тие знаења во самиот потпроцес. Интегрирањето на двата аспекти создава валиден план за мобилизација. Од аспект на резервниот состав, планирањето на мобилизацијата, организацијата на извршувањето и обезбедувањето на потребна поддршка, се примарни содржини на подготовките за мобилизација на резервните сили. Во мир се планираат задачите и потребните постапки за мобилизација, се планира обезбедување на сили и средства за нивно извршување и се обучува персоналот за организирано и навремено извршување мобилизација во најсложени услови.
Значењето на планирањето на мобилизацијата очигледно дека е од примарна и особена важност. Овозможени се сите последователни потпроцеси, а за содржината говори и мислата: „Само мудроста се занимава со идното време, бидејќи содржи имагинативност, предвидливост и креативност", токму како што побарува планирањето на мобилизацијата на резервните сили.



*д-р Методија Дојчиновски*
*м-р Ивица Даневски*